**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Игор Антевски**
**именуван за подрачјето на**
**Основен Граѓански Суд Скопје и**
**Основен Кривичен Суд Скопје**
**ул. 8-ма Ударна Бригада” бр.20-А/1-2**
**тел. 02/2050-206,**
**izvrsitelantevski@gmail.com**

**Образец бр.66**

**И.бр. 174/2021**

Извршителот Игор Антевски од Скопје, ул. 8-ма Ударна Бригада” бр.20-А/1-2 врз основа на барањето за спроведување на извршување од заложниот доверител ПроКредит банка АД Скопје од Скопје со ЕДБ 4030003482066, ЕМБС 5774136 и седиште на ул.Манапо бр. 7, засновано на извршната исправа Нотарска исправа - Потврдување на Договор за хипотека со својство на извршна исправа ОДУ бр.497/10 од 09.12.2010 година на Нотар Ристо Папазов од Скопје, против должникот/заложен должник Џелал Ќаили од Скопје со живеалиште на ул. Менделиева бр. 27 А и заложниот должник Адем Адеми од Скопје со живеалиште на ул. Јајце бр.63, за спроведување на извршување, на ден 16.02.2023 година го донесува следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ТРЕТА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА**
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА ТРЕТА продажба со усно јавно наддавање на недвижноста означена како:
- КП.бр.8891, дел 2, Адреса ул.Гоце Делчев бр.11 ТЦ Маврово, број на зграда 1, намена Згради во останато стопанство, влез 001, кат СУ, број 063, површина 27 м2, запишана со право на сосопственост на по ½ идеален дел од недвижноста на должникот/заложен должник Џелал Ќаили и заложниот должник Адем Адеми, запишана во Имотен лист бр.25896 за КО Центар 1 при АКН – ЦКН Скопје.

**Продажбата ќе се одржи на ден 14.03.2023 година во 12:00 часот во просториите на Извршител Игор Антевски на адреса ул. 8-ма Ударна Бригада” бр.20-А/1-2 во Скопје, тел. 02/2050-206.**

Почетната вредност на недвижноста, утврдена со заклучок на извршителот Игор Антевски И.бр.174/2021 од 09.02.2022 година, а по предлог на заложниот доверител на третото јавно наддавање изнесува 926.652,00 денари, под која недвижноста не може да се продаде на третото јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености – заснована хипотека во корист на заложниот доверител ПроКредит банка АД Скопје и Налог за извршување И.бр.174/2021. Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр.250-010402320-172 која се води кај Шпаркасе банка АД Скопје и даночен број 5080021510736.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање дневен весник Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората.

Данокот на промет на недвижности и други трошоци во врска со пренос на правото на сопственост паѓаат на товар на купувачот.

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Игор Антевски

Д.-на: Заложен доверител
Должник/заложен должник
Заложен должник
Град Скопје - Сектор за финансии
УЈП – регионална дирекција Скопје

X ______________________

**Правна поука:** Против овој заклучок може да се поднесе приговор до Основниот суд на чие подрачје извршувањето или пак дел од него се спроведува, согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.